РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1043/7
06-08-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжение на 8-та седница одржана на 01.08.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-1043/1 од 11.03.2024 година, оформен по доставена пријава за сомневања за незаконитости за време на изборниот процес во 2024 година во Министерството за ------ и Министерството за ------, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Согласно со член 17 став 1 точка 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси да се спроведе антикорупциска проверка на Уредбата за утврдување на поблиските критериуми и начинот на утврдување на висината за остварување на правото на додаток на плата на вработените во буџетските корисници, единките корисници и фондовите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 16/24).

Предметот со број 12-1043/1 од 11.03.2024 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 11.03.2024 година, поднесена е пријава за исплати на додатоци на плата во Министерството за ------ и Министерството за ------, односно за сомневања за незаконитости во изборниот процес во 2024 година и оформен е предмет број 12-1043/1 од 11.03.2024 година. Од страна на истиот подносител, на ден 22.03.2024 година, е поднесена уште една пријава со идентична содржина како горенаведената.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за исплата на додатоци на плата за вработените во Министерството за ------ за месец ------ 2024 година согласно Уредбата за утврдување на поблиските критериуми и начинот на утврдување на висината за остварување на правото на додаток на плата на вработените во буџетските корисници, единките корисници и фондовите („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 16/24) (понатаму: Уредба), односно според подносителот станува збор за вонредна буџетска исплата спротивна на член 8-а од Изборниот законик и член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (понатаму: ЗСКСИ).

Според подносителот, додатоците на плата предвидени во Уредбата не може да се сметаат за редовна буџетска исплата, од причина што во член 3 од Уредбата исплатата на горенаведените додатоци зависи од тоа дали буџетскиот корисник или единката корисник има обезбедено средства за оваа намена или не. Во продолжение, подносителот наведува дека најочигледен доказ дека станува збор за исплата на додатоци на плата спротивни на Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е фактот што според неговите сознанија, во Министерството за ------ пред распишувањето на изборите биле изготвени решенија за додатоци на плата согласно Уредбата за повеќе месеци однапред, што било незаконски бидејќи не можело однапред да се знае дали некој вработен во Министерството за ------ во ------, ------ или ------ ќе имал зголемен обем на работа за што следувал посебен додаток на плата. Дополнително, подносителот информира и за прекршување на Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси во Министерството за ------, а во однос на исплата на додатоци на плата за месец ------ 2024 година, согласно склучен Колективен договор спротивно на член 8-а од Изборниот законик и член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот

на интереси. Согласно наводите од пријавата, колективниот договор е потпишан на ден 14.02.2024 година, односно на денот на распишувањето на претседателските и парламентарните избори.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барања за прибирање информации до Министерството за ------ и Министерството за ------. Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

- Предлозите за остварување на право на додаток на плата и решенијата за утврдување на додаток на плата за месеците ------, ------, ------, ------ и ------ 2024 година, на вработени во Министерството за ------ се донесени врз основа на член 7 и 8 од Уредбата. Истите се донесени во периодот од ------.------ до ------.------.2024 година, односно пред да се распишат претседателските и парламентарните избори на ден 14.02.2024 година, додека утврдените додатоци не се исплатени. Во одговорот од министерството се наведува дека истите ќе бидат исплатени по формирање на Влада на Република Северна Македонија. Имајќи ја предвид вака утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека во конкретниот случај не е извршена вонредна исплата.

Во однос на наводите од пријавата дека решенијата за исплата на додаток на вработените се изготвени за неколку месеци однапред, ДКСК констатира дека истото е во согласност со член 3 став 3 од Уредбата каде е уредено дека додатокот на плата може да се исплаќа за временски период од најмалку еден месец, а најмногу за 12 месеци во тековната фискална година. Дополнително, согласно член 7 став 2 од Уредбата предлогот за остварување на правото на додаток се поднесува најдоцна до крајот на месецот, но не уредува дека истото треба да биде сторено до крајот на тековниот месец како што било предвидено во член 7 став 2 од Уредбата за утврдување на поблиските критериуми и начинот на утврдување на висината за остварување на правото на додаток на плата на вработените во буџетските корисници на централната власт („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 50/23). Согласно член 7 став 1 од Уредбата, самиот Образец за Предлог за остварување на право на додаток на плата предвидува тоа да биде за одреден месец, но и одреден период.

- Во однос на наводите од пријавата за исплатата на додатоци на плата за вработените во Министерството за ------ за месец ------ 2024 година, истите се

исплатени врз основа на Поединечниот Колективен договор за вработените во Министерството за ------, кој влегол во сила на денот на склучувањето, односно на ------.------.2024 година, а престанува да важи на ден ------. ------.2024 година, заверен под број ------ ------- /1 од ------.------.2024 година и број ------ ------- /------ од ------.------ .2024 година. Со оглед на фактот дека Колективниот договор е склучен на ден 13.02.2024 година и влегол на сила на денот на склучувањето, додека Решението за распишување избори за претседател на Република Северна Македонија и Решението за распишување на избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија се донесени на 14.02.2024 и влегле во сила на денот на објавување во Службен весник на РСМ исто така на 14.02.2024 година, ДКСК констатира дека во случајот не е извршена вонредна исплата ниту е потпишан колективен договор спротивно на Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи ја предвид вака утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека од страна на Министерството за ------ и Министерството за ------ не е постапено спротивно на член 34 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 8-а став 1 алинеја 2 од Изборниот законик каде е предвидено дека „Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и на градот Скопје, не може да се вршат исплаќања на плати, пензии, социјална помош или други исплати и материјални надоместоци од буџетски средства или од средства на јавните фондови кои не се редовни месечни исплати односно сите едногодишни трансфери и исплати или еднократни трансфери од буџетски средства или од средства на јавни фондови ниту да се отуѓува државен капитал ниту да се потпишуваат колективни договори".

Воедно, во насока на детектирање на можните ризици од корупција согласно со член 17 став 1 точка 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ДКСК ќе спроведе антикорупциска проверка на Уредбата за утврдување на поблиските критериуми и начинот на утврдување на висината за

остварување на правото на додаток на плата на вработените во буџетските корисници, единките корисници и фондовите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 16/24)

Врз основа на горенаведеното, ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., Член на ДКСК